ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 195/1
13 -01- 2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Предметот оформен по доставена пријава до Државната комисија за спречување на корупцијата со бр. 08-2340/1 од 27.08.2025 година за неисполнување на обврската по член 82 став 1 алинеја 1 од ЗСКСИ против __________, директор на ____________, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2340/1 од 27.08.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот број 08-2340/1 од 27.08.2025 година е оформен по поднесена пријава по електронски пат од непознат подносител.

По извршената проверка во базите на податоци со кои располага Државната комисија за спречување на корупцијата утврдено е дека __________ е избран на функцијата директор на ___________ на 26.04.2022 година и поднел Изјава за имотна состојба и интереси на ден 07.06.2024 година спротивно на одредбите од член 82 став 1

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со што сторил прекршок казнив по член 109 од истиот Закон.

Согласно со член 41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 и 253/23), прекршочната постапка не може да се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот. Во врска со претходното, а со оглед на фактичката состојба настанато е застарување на прекршокот.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупција одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Изготвил:**К.Б, соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** м-р С.Д, член